РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С О Б Р А Н И Е
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 06-2329/7
01.08 20 17 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и 142/16), генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидати по интерен оглас број 1/2017**

1.За извршители на следниве работни места:

01. УПР0101В04000 - помлад соработник за стручно-аналитички работи во Одделението за стручно-аналитички работи во Сектор - Кабинет на претседателот на Собранието на Република Македонија, како прворангиран кандидат се избира Емељ Фејзула, со освоени вкупно 37.7 бода;
02. УПР0101В04000 - помлад соработник за стручна поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции во Одделението за поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, како прворангиран кандидат се избира Весна Марашевиќ, со освоени вкупно 38.2 бода.

2.Административните службеници од точка 1,

- потточка 01 на оваа одлука ќе биде вработен на работното место - помлад соработник за стручно-аналитички работи во Одделение за стручно-аналитички работи во Секторот - Кабинет на претседателот на Собранието на Република Македонија, по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука.
- потточка 02 на оваа одлука ќе биде вработен на работното место - помлад соработник за стручна поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции во Одделението за поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука.

3..Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Во врска со Интерниот оглас бр.1/2017, објавен на 25.07.2017 на веб страната на Собранието на Република Македонија за унапредување на административен службеник на работно место - помлад соработник за стручно-аналитички работи во Одделението за стручно-аналитички работи во Секторот - Кабинет на претседателот на Собранието на Република Македонија и на работното место помлад соработник за

стручна поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции во Одделението за поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.04-2386/1 од 31.07.2017 година, донесено од страна на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатите, изготви финална ранг листа од најдобро рангираните кандидати, која заедно со Предлог-одлуката за избор на прворангираниот кандидат ја достави до генералниот секретар на Собранието.
Врз основа на тоа, се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната на Собранието на Република Македонија, односно од денот на приемот на Одлуката.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Цветанка Иванова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ